# Was tun bei häuslicher Gewalt?

## Што да се прави кај куќно насилство?

Mazedonisch - Македонски



**Човекот,** со кој живеете под еден покрив – дали е тоа сопружник, пријател, или роднина – против Вас употребил сила или Ви се заканувал? Таквата ситуација за Вас е сврзана со страв и штрес.

**Доколку Ви** треба совет или помош, кога не знаете што да правите понатаму: Ние Ви помагаме, независно од тоа дали сакате да се одвоите или не.

**Советувалиштето за жени** е независно и интернационално советувалиште само за жени. Нас Законот не присилува за тоа да не зборуваме понатаму. Советувањето е бесплатно и по желба анонимно.

**Доколку не знаете да зборувате Германски,** замолите некоја познаничка или пријателка да за Вас телефонира кај нас а исто така и да дојде со Вас во советувалиштето.

Ако Ве дома тепаат, можете да ја известите полицијата на телефон 110, за да добиете моментална заштита од таквото лошо постапување.

**Полицијата** има можност, на извршителот на тоа кривично дело да му забрани да не смее 10 дена да влегува во станот. Кога е тоа така направено, тој не смее во тоа време да доаѓа во станот. Тоа полицијата го контролира за да Ве заштити од понатамошно насилство. Мажот мора да ги предаде клучевите и да го напушти станот. Од полицијата добивате уверение дека биле кај Вас дома.
За време на тие 10 дена имате можност во мир да размислите што понатаму да правите.

**Искористете го тоа време за советување кај нас!**

**Ние помагаме исто така**, кога сакате да поставите кај судот итно барање за доделување на заедничкиот стан. Понатаму можете да поставите барање да се даде наредба за Ваша заштита. Со тоа на извршителот на делото му се забранува, со Вас да воспостави контакт, да Ве вознемирува или да престојува во Ваша близина.

**Вие самите одлучувате**, дали и покрај таа можност Ви е потребна заштита од Домот за жени. Вие можете да ја замолите полицијата, Вас и Вашите деца да Ве допрати до таму.

**Доколку Вашата дозвола** за престој уште зависи од мажот, со документот дека полицијата била кај Вас, можете да побарате своја лична дозвола за престој. Таа ќе Ви биде одобрена доколку сте повеќе од 2 години мажена и со Вашиот сопруг сте заедно живееле во Германија или сте или ќе бидете мајка на германско дете. Ако рокот од 2 години уште не е исполнет, Службата за странци <ауслендербехерде> одлучува за секој поедин случај.
Вие, како и секоја германска жена, имате право на социјална помош, без да морате да се плашите од протерување.

## Адреси + телефонски броеви:


Служба за советување и контакт за жени
Frauenzentrum Courage
Essenerstr.13 – 46236 Bottrop
✆ 02041 – 63 59 3
✆ 02041 – 68 84 03
🖷 02041 – 76 50 45

Дом за жени Bottrop:
✆ 02041 – 40 92 03